# КОДЕКС

## ЗА ЕТИКА НА АКУШЕРКИ

## ВОВЕД

Етичкиот кодекс за АКУШЕРКИ е мешавина од универзални етички принципи и цврсти вредности што се специфични за акушерската професија.

## ПРЕАМБУЛА

Целта на Зруженението на медицински сестри и акушерки, (ЗМСТАМ), е да се подобри стандардот на негата што им се пружа на жените, бебињата и семејствата низ целиот свет, преку развојот, образованието и соодветното користење на професијата **акушерка**. Во согласност со својата основна цел - здравјето на жената и фокусот врз акушерката - Секцијата на акушерки на Р. Македонија го постави следниот Кодекс, кој ќе ги насочува образованието, практикта и истражувањето на акушерката.

Овој Кодекс ги признава жените како личности што ги имаат сите човекови права, бара правда за сите луѓе и подеднаквост во пристапот на здравствената нега, доверба и достоинство за сите членови во општеството.

### Дефиниција за акушерка

• Акушерката е личност која била регуларно примена на соодветен акушерски програм признат во земјата во која што е, уредно го завршила и се здобила со соодветни квалификации да биде регистрирана или лиценцирана да работи како акушерка.

• Акушерката е препознатлива како одговорна и доверлива личност која работи во партнерство со жената и која дава неопходна поддршка, нега и совети за време на бременост, породување и постпарталниот период, да го изведе породувањето на сопствена одговорност и да даде нега на новороденчето и малото дете.

• Оваа нега вклучува превентивни мерки, промовирање на нормалното спонтано породување, препознавање на компликациите кај мајката и бебето, спроведување на соодветна медицинска нега или друга соодветна помош и спроведување на итни мерки.

• Акушерката има важна улога во здравственото советување и просветување, не само за жената туку и за семејството и заедницата.

Оваа работа треба да ја вклучи антенаталната едукација и подготовката за родителство и може да се прошири кон сите аспекти од здравјето на жената, сексуалното и репродуктивното здравје и негата на детето.

• Акушерката може да работи во домот, заедницата, болниците, клиниките или здравствените домови.

• Прифатена од Советот на Интерационална Конфедерација на Акушерки на состанокот на 19-ти Јули 2005 во Бризбен - Австралија.

# КОДЕКС

## 1. Односи на акушерките

*а. Автономност и одговорност на жените*

- Акушерките го почитуваат правото на жените на избор што се заснова на информираност и промовираат жената да ја прифати одговорноста за резулататите од направениот избор.

*б. Автономност и човечка еднаквост на жените*

- Акушерките работат со жените поддржувајќи го нивното право да учествуваат активно во одлуките за нивната нега и им овозможуваат на жените да зборуваат во свое име за прашања што се однесуваат на нивното и на здравјето на нивните семејства во нивната култура - општество.

*в. Праведно распоредување на ресурсите*

- Акушерките, заедно со жените соработуваат со соодветни политички и финансиерски агенции за да се дефинираат потребите на жените за здравствени услуги и да се обезбеди ресурсите да бидат распределени на фер начин, имајќи ги во предвид приоритетите и достапноста.

*г. Почитување на човековото достоинство*

- Акушерките  се поддржуваат една со друга во својата професионална работа и активно го хранат своето сопствено чувство и чувството на другите за самодоверба.

*д. Компетентност. Меѓузависнот на здравствените професионалци. Безбедност*

- Акушерките соработуваат со другите здравствени професионалци и институции, консултирајќи се со нив и упатувајќи ги кај нив пациентите и клиентите, кога потребите на жената за нега ги надминува компетенциите на акушерката.

*ѓ. Почит една кон друга*

- Акушерките ја признаваат човечката зависност во нивното поле на дејствување и активно бараат да се решат проблемите што можат да се појават во процесот на работењето.

- Акушерката има одговорности кон себе како кон личност со морална вредност, вклучувајќи ја тука и должноста за морална самопочит и зачувување на сопствениот интегритет.

## 2. Акушерска пракса

*а. Почит кон другите, да се прави добро, а не лошо*

- Акушерките обезбедуваат нега за жените и родилките со респект за културната разновидност, а исто така работат на елиминирање на штетните пракси во самите култури.

*б .Одговорност на клиентот за одлуките, да не се наштетува, безбедност*

- Акушерките ги охрабруваат реалните очекувања од раѓањето на жените во нивното сопствено општество, со минимум очекувања дека ниедна жена не треба да се повреди со зачнување или раѓање.

*в. Самобезбедност*

- Акушерките го користат своето професионално знаење за да се осигура безбедна пракса на породување на жените што бараат здравствена нега, без оглед какви се околностите и културите.

*г. Почитување на човековото достоинство, да се третира жената како целосна личност*

- Акушерките одговараат на психолошките, физичките и емоционалните потреби на жените што бараат здравствена нега, без оглед какви се околностите.

*д. Унапредување на здравјето: да се одржи автономноста, добро, а не лошо, поделба на ресурсите.*

- Акушерките дејствуваат како ефикасни модели за здравствената промоција на жените низ нивниот животен циклус, за семејствата и за другите здравствени професионалци.

*ѓ. Компетентност во праксата*

- Акушерките преку акушерската кариера активно тежнеат кон свој личен, интелектуален и професионален развој, интегрирајќи го во својата пракса.

## 3. Професионалните одговорности на акушерката

*а. Доверливост*

- Акушерките ги држат во доверба информациите за клиентите штитјќи го нивното право на приватност, а за споделување на овие информаци ја користат својата проценка.

*б. Одговорност на акушерката*

- Акушерките се одговорни за своите одлуки и дејства и за последиците од нивната нега на жените.

*в. Клаузула за совесноста на акушерката: автономност и почит кон човечките квалитети на акушерката*

- Акушерките можат да одбијат да учествуваат во активности за кои тие чувствуваат длабока морална спротивност; меѓутоа нагласувањето на индивидуалната совесност не треба да ги лиши жените од суштинските здравствени услуги.

*г. Развивање на здравствената политика: правда прави добро*

- Акушерките ги разбираат различните последици од нарушувањето на човечките права врз здравјето на жените и новородените и ќе работат на елиминирање на овие нарушувања.
- Акушерките учествуваат во развојот и имплементирањето на здравствените политики што го промовираат здравјето на жената и семејствата со деца.

## 4. Унапредување на акушерското знаење и пракса

*а. Да се заштитат жените како личности*

- Акушерките обезбедуваат напредокот на акушерското знаење да се базира врз активности со кои ќе се заштитат правата на жените како личности.

*б. Одговорност на акушерката, безбедност, компетентност*

- Акушерките го развиваат и споделуваат акушерското знаење преку разновидност на процесите, како што се истражувањето и ревизијата.

*в. Професионална одговорност: да се зајакне компетентноста на сите професионалци, да се прави добро, а не лошо*

- Акушерките учествуваат на соодветен начин во образованието на акушерките и на студентите по акушерство.

## НЕКОИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

### 1) Што е тоа Етички Кодекс?

Етички кодекс е јавна декларација на верувањата и вредностите на една професија и на нејзините членови. Овој кодекс јавно ги објавува целите, вредностите и моралните принципи на оние што себеси се нарекуваат “акушерки”, тоа е изјава до јавноста за тоа што дефинира професијата акушерка како морално однесување на нејзините практичари.

### 2) Зошто да се има Кодекс?

Етичкиот кодекс дејствува како специфична идентификација за една професионална групација, и тоа како за самите професионалци, така и за целата јавност. Да додадеме, потребата за постоење експлицитен кодекс стана многу важна во последниве години кога се случија многубројни општествени и технолошки промени што продуцираат ситуации за кои треба да се има етички одговор. Најпосле, зголемената брзина и фреквентност на глобалните комуникации создаваат витална потреба за постоење на формална прокламација на заедничките верувања и вредности на нашата професија ширум светот.

### 3) Што не може да стори Кодексот?

Етичкиот кодекс не може да обезбеди етичка пракса или “добри” одлуки во акушерската нега; тој не може да му “каже” на поединецот да донесе етичка одлука или како да постапи во секоја ситуација; не може да ја спречи неговата злоупотреба. Кодексот не може да им ја отстрани на акушерките одговорноста и болката што ја носи живеењето и дејствувањето, во времиња или ситуации на колебање или “незнаење”, или немањето вградени гаранции за она што во одреден случај би значело “правилно постапување”.

## СУГЕСТИИ КАКО ДА СЕ КОРИСТИ ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Вредноста на постоење на професионален етички кодекс лежи во неговото користење во сите сфери на професионалната пракса. За акушерката овие сфери на пракса се: директно давање нега, подучување на другите, администрација и истражување.

Следуваат сугестии за тоа како да се користи Меѓународниот Етички кодекс за акушерки:

Во **секојдневната пракса**, Кодексот може да биде важно средство или референца кога се соочувате со донесување одлуки за тоа што “треба” да се стори при негување на жени и семејства со деца. Иако Кодексот не може да ви даде апсолутни директиви за донесување одлука, тој (или етичките принципи врз кои тој се заснова) може да понуди рамка за акција; на пример, да се избере опција која го промовира она што е добро или го спречува она што е лошо за жените.

Практичарите можат да користат критериуми што се наоѓаат во Кодексот кога преговараат со други и прават напори да се постигне најдобар исход за жените и нивните семејства. Кодексот може да се подели во јавноста преку испраќање фотокопии по пошта.

Во **образованието**, акушерката предавач има обврска да им помогне на студентите да сфатат што значи да се биде морален агент, да се практицира етички и да овозможи тие да ги сфатат и прифатат доминантните вредности на акушерската професија. Методите на подучување вклучуваат анализирање на секој член од Кодексот, како и споредување на начелата во овој Кодекс со начела на кодекси на други професионални групи.

Во **администрацијата**, акушерките можат да го користат Кодексот за да создадат работна околина за вршење етичка пракса. Тие можат да ги користат оние начела што говорат за тоа како акушерките треба да се однесуваат со клиентите, да создадат етичка работна средина каде што вработените ќе можат успешно да функционираат.

Во **истражувањето**, Кодексот експлицитно го дефинира етичкиот пристап на акушерките во поглавјето 3.А. и поглавјето 4 во целост. Истражувачите, дали се тоа акушерки или други, треба да се однесуваат според овие основни принципи.

Етичкиот Кодекс на акушерките е правен според Кодексот на Меѓународрдна конфедерација на акушерки (ICM). Промовиран е на секцијата на Акушерки, одржана на 29 март 2003 година.

Кодексот е усвоен на состанокот на Претседателството на акушерската секција и Одборот на Здружението на 9 април 2003 година.

Кодексот за првпат е поделен на акушерките на 5 мај 2003 година, на Меѓународниот ден на Акушерките.

## РЕЧНИК НА ПОИМИ ШТО СЕ КОРИСТАТ ВО ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ICM

Цел на ICM е овој Кодекс да се користи и да се тестира во однос на својата релевантност за акушерската пракса и за акушерките. Важен елемент за разбирање на одредена работа претставува користењето на јазикот во различни култури и општества. Поради тоа, следниве поими се дефинирани како што се користени во Етичкиот Кодекс на ICM.

**Подеднаквост во пристапот до здравствена заштита**: со ова се подразбира фер поделба на ограничените ресурси според потребите; на пример, социјално загрозените групи би можеле да добијат повеќе внимание во врска со нивните здравствени потреби и пристап до здравствени услуги, отколку оние што можат да платат за овие услуги било каде.

**Информирано право на избор** (1.А.): “информирано” се однесува на тоа дека целосна информација е дадена и истата е сфатена од страна на жената во однос на ризиците, бенефициите и можните резултати од секој избор што и се нуди.

**Човечка зависност** (1.Ф.): Акушерките работат со жените и другите лица и секогаш не мора да се согласуваат за тоа што е правилно или што треба да се стори во дадена ситуација, важно е акушерките да сфатат кои се причините за несогласувањето со нивните клиенти или колеги. Тие исто така треба да работат во правец на разрешување на конфликтите за да може да продолжат со етичка нега.

**Индивидуална совесност** (3.Ц.): Дефинирана како промислен одраз на длабоко вградени морални ставови; во овој контекст, акушерката може да одбие да пружи нега само во случај ако има некој друг кој ќе може да ја пружи потребната нега.

**Професионално** (Преамбула): Професионално е да се работи етички и обратно - да се работи неетички значи да се биде непрофесионален.

**Професионално знаење** (2.Ц.): ова се однесува на акушерското знаење кое се добива и преку редовно и преку други видови на образование кои водат до компетентност во праксата.

**Поврзани резултати**: Акушерката секоја практична активност да ја превзема согласно со етичките принципи, а ако дојде до ситуација да и се нареди од позиција на моќ да работи спротивно на етичката акушерска пракса должна е на соодветен начин да го предупреди за тоа лицето кое издало наредба или друго овластено лице во институцијата за можните последици.

**Правата на жените како личности** (4.А.): човекови права во однос на било какво истражување се: приватност, почит, кажување на вистина, да не се повреди автономијата на личноста и информирана согласност.

**Во тек на животниот циклус** (2.Е): акушерската нега не се состои само од нега која е поврзана со носење деца на свет; акушерките се грижат за жени од секоја возраст, од кои многу никогаш не зачнале или не одгледувале дете; оваа фраза се користи за да се нагласат и репродуктивната и гинеколошката здравствена нега за жените.

**Жените како личности** (Преамбула): жените треба да се третираат со почит кон нивното човечко достоинство (не како предмети). Принципите на кажување на вистината, приватност, автономност и информирана согласност, да се прави добро, а не лошо, ќе бидат директива за секоја интеракција помеѓу жените и акушерките.